**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јануари 2000 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала за седници, по завршувањето на Второто продолжение на Триесетата седница (13,25 часот).

На седницата претседаваше г. Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во прашање е 27-та седница на Собранието.

Дами и господа пратеници, со оглед на тоа што г. д-р Ненад Новковски не е веќе министер за образование, нема основ да продолжиме со претрес по интерпелацијата за неговата работа како министер за образование, односно по втората точка од дневниот ред на оваа седница.

Исто така, нема основ да расправаме во третата точка - Интерпелација за работата на министерот за култура Димитар Димитров, бидејќи тој веќе не е член на Владата и министер за култура.

Затоа, тие две точки отпаѓаат од дневниот ред.

Минуваме на точка та 4 - Процедурално г-ѓата Митрева бара збор.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Господине претседателе, дозволете ми во име на Пратенчката група на СДСМ, да го изразам задоволството што последната реконструкција на Владата ги уважи аргументите на покренување Интерпелација за двајцата, едниот поранешен, а сега и актуелен министер на Владата на Република Македонија.

Тоа укажува на фактот дека ние сме се послужиле со овој чин и дека на наше големо задоволство делумните аргументи, бидејќи само до тоа можевме да стигнеме на едната седница, за министерот Новковски се уважени, а другите што не можевме да ги искажеме на седница на Собранието ги презентираме преку јавноста и медиумите.

Втората работа, што процедурално интервенирам е од принципиелен карактер.

Имено, г. претседателе во ова Собрание не се случило во трите мандати, колку што и постои еден процес на интерпелација да не биде завршен, како што е тоа случај со овие два. Имено, секогаш кога некоја пратеничка група покренувала чин на интерпелација, што е нејзино право, бидејќи на тој начин го искажува односот према Владата, и контролата над извршната власт тие чинови биле завршени. Овде тоа не се случи, јас морам да кажам дека изразувам жалење што не успеавме пред јавноста од парламентарната говорница да ги искажеме сите аргументи, а имаше што да се слушне.

Би сакала да знам на што се должи фактот на незавршени интерпелациски точки? Дали е тоа прашање на едно отсуство на координација на Претседателството на Парламентот или пак се должи на некои релации меѓу коалиционите партнери. Во секој случај е едно прашање за кое заслужуваме да добиеме одговор, бидејќи од фактот од довршувањето на овие точки може да се изродат различни шпекулации, а ние како највисок законодавен дом не оперираме со некои акти. Тоа е прашање и совет.

Мислам дека во иднина, а сигурно дека ќе има уште такви чинови интерпелациски да се води сметка за тајмингот, за ингеренциите на ова Собрание да си ги заврши задачите што ги отпочнува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со ова прашање сакам да ви го кажам следното: Интерпелациите деловнички имаат определен временски период кога се поставуваат, колку време поминува, кога треба да одговори тој на кого му се поставува интерпелацијата и кога Владата, ако е член на Владата, треба да се произнесе.

Јас го спазив тој рок и ја отпочнавме процедурата. Процедурата траеше неколку дена. Се совпадна со почетокот на кампањата со претседателските избори. Јас го свикав претседателството на Собранието заедно со сите шефови на парламентарни групи и реков процедурално и деловнички нема пречки ние да работиме и во претседателската кампања.

Оценија, и координаторот на СДСМ г. Никола Поповски дека политички не е добро да се продолжи со една таква седница, затоа што ќе биде фактички една продолжена кампања, борба и т.н. Тогаш рекоа кога ќе завршат претседателските избори ние да продолжиме со оваа седница, прекината седница. Тоа беше причината поради која што јас го почитував мислењето на сите координатори на пратеничките групи и на двата потпретседатели, кои беа присутни на таа седница.

Бидејќи кампањата малку се одолговлечи, имаше два-три круга, не се планираше дека така ќе биде, но така стана, и во меѓувреме заради реконструкција односно избор на нова Влада, дојде до една ваква ситуација. Немам никаква тенденција да се повредува Деловникот во поглед на интерпелациите. Ниту во иднина ќе се случи, ниту се случи во минатото. Имаше и претходни интерпелации и тие си одеа и завршија така како што завршија.

Според тоа, нема овде ништо друго освен еден сплет на политички околности, кои што доведоа со заеднички консензус на сите пратенички групи да се прекинат овие две седници.

Тоа беше причината, ако сте задоволни со одговорот.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Во добар дел сум задоволна од Вашиот одговор господине претседателе, само една мала препорака.

Можеби прекинувањето на процедурата на интерпелацискиот чин немаше да се случи, доколку тајмингот беше подобро пресметан. Доколку таа работа ја завршевме пред почетокот на изборите, затоа што јасно е дека изборите донесуваат една нова атмосфера, еден нов амбиент и тука веќе се калкулира со собраниските настапи.

Мислам дека е тоа забелешка од технички карактер, која што може да се уважи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас не сум виновен што дојдовме во склоп на такви околности.

Г. Мерсел Биљали побара збор процедурално.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Прво, во однос на покренатите интерпелации.

Ако се прочита внимателно Уставот, во него пишува дека за членовите на Влада, односно во однос на работата, нивната работа, на членовите на Владата и другите носители на јавни функции кои се избрани од страна на Собранието се покренува интерпелации.

Значи институцијата, или институтот интерпелации не е поврзан за субјективитет, за личност, туку е поврзан за работата на членот на Владата или на носителот на другата јавна функција избрана од страна на Собранието. Што е целта?

Целта на овој Институт, односно на интерпелацијата е да се укажува и да се констатираат пропустите и слабостите без оглед на тоа дали членот на Владата се уште е член на Владата или не е. Значи, тоа воопшто не е битно. Битно е да се укаже на слабостите, на пропустите ако тие евентуално постојат. И, секако одговорноста ако има објективи за одговорност. Моментално ние имаме член на Владата кој води друг ресор и се поставува прашањето, дали тука може да се разговара за одговорност. Тоа е мое длабоко убедување и тука може да се покрене прашањето на одговорност. Што е целта на ова? Целта е поука.

Замислете, ако ние не констатираме слабости кои евентуално ги вршел еден член на Влада, затоа што веќе не го води тој ресор, тие слабости постојат и ќе постојат и понатаму, а целта е да се елиминираат тие слабости кои беа повод да се покрене интерпелацијата како институт.

Затоа мислам дека оваа работа не е баш беспредметна. Напротив би требало да се расправа. За објективната состојба, без оглед на тоа дали тие личности водат и понатаму ресор, имаат јавни функции или немаат, децидно ако се прочита Уставот тој пишува дека, за работата на членовите на Владата и носители на други јавни функции избрани од Собранието се покренува Интерпелација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Согласен сум денеска ако сакате да водиме и расправа, меѓутоа можам да ви кажам дека секој член на Влада е одговорен, лично одговорен и затоа се поднесува Интерпелацијата према членовите на Владата, а не према целата Влада.

Ако беше према Владата Интерпелација, тогаш можеме поинаку да разговараме. Овде беше поднесена спрема членовите на Владата. Тие веќе не се членови на Влада, не присуствуваат овде, не можат да одговараат и т.н., ние не можеме да говориме за општи проблеми, или пак некои прашања кои што лично произлегуваат од карактерот на нивното дејствување.

Затоа смислата и целта на Интерпелацијата се постигнува со утврдување или не утврдување на одговорност на конкретна личност. А ако сакаме на Владата, да ја droземеме целата Влада во целина, во тој случај поднесуваме Интерпелација за работењето на Владата.

Молам да ги разликуваме тие работи. Оваа ситуација е беспредметно, а како што гледате и самите предлагачи тоа го утврдуваат, а вие сега држите предавање овде дека се работи за работата на Владата и т.н. Не е работа на Владата, работа на поединци кои што со своето дејствување можеле и сметаат дека може да бидат и одговорни. Тие поединци веќе не се членови на Владата.

Според тоа јас мислам по овие две точки да не расправаме, далеку ќе не одведат, а да поминеме на следната точка, тоа е четвртата точка, а таа е...

(Некои пратеници бараат збор).

Ќе ве молам, што е сега, ќе отвораме ли расправа по тие две точки, кои што се беспредметни според мене.

Ние само констатираме, ако СДСМ смета дека треба да се повлечат, што сега ние ќе дискутираме? Што ќе расправаме денеска на Собранието?

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Не мора да расправаме, меѓутоа процедурално да расчистиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, ама и г. Сејфедин Харуни се има пријавено и вие и...

Добро, г. Биљали да ја завршиме расправата, повелете.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Секоја почит до Вашата стручна спрема и тоа заслужува почит, а како образложение

мислам дека е политички тоа што го кажавте, барем во голема мера, барем јас сум така уверен.

Сите знаеме дека покренување на прашањето на Интерпелација во однос на некој министер или носител на друга јавна функција не значи дека секогаш би требало да заврши со одговорност. Во моментот практично тоа би значело беспредметна работа. Напротив, може да заврши со укажување на одредени слабости, а без политички да одговараа таа личност ако се докаже дека тие слабости се во рамките, нивото на грешки кои се толерантни. Тоа е оценка на ова Собрание.

Секогаш тоа е политичка оценка и затоа јас мислам дека ние би требало да расправаме за проблемот, а не за луѓето, за министрите. Така и пишува во Уставот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Проблемот завршува со одреден заклучок што значи одговорност.

На кого ќе го упатиме.

Ќе го упатиме на личност, а не на Влада.

Затоа да не разговараме повеќе по тоа прашање.

Г. Сејфедин Харуни побара збор, процедурално претпоставувам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседател, Вашето образложение по двете точки кои беа на дневен ред на една од поранешните седници е образложението ОК, значи немаме забелешки за тоа, меѓутоа колку се сеќавам за Ненад Новковски тука не само од опозицијата, туку и дел од позицијата му ставија големи забелешки.

Останува прашањето дали оваа Влада и натаму е во состојба од една во друга фотеља да ги именува истите министри апострофирани во Парламентот, или пак останува дека со таквите министри и членови на Владата на РМ кои станаа една огромна архива, да бидеме ли поделени во тој однос. Еден од таа голема архива ме дели практично од она што е веќе изнесено.

Дали тоа станува награда да оди од една во друга фотеља, или во што е?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Сејфедин Харуни.

Збор има г. Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Мислам дека грешката е во тоа што се направи голем преседан.

Не може ниту координатор, ниту координатори на пратеничка група да ја суспендираат работата на Собранието на РМ. Тука е основната грешка.

Инаку процедурално е се како што беше, ќе си завршеа седниците и сега ќе беа работите се во ред.

Во иднина треба да престанеме со било какви симулации и договор околу тоа да не работи Собранието. Три месеци да не работи за претседателски избори, сега пред Нова Година, по Нова Година ќе имаме локални избори и ние во текот на целата година не треба да работиме. Се знае Собранието според Уставот и според Деловникот како треба да работи.

Ве молам да не правиме такви преседан, да си ја работиме работата, за тоа сме платени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г. Ѓорѓи Котевски.

Има збор г. Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Мислам дека Уставот е јасен кога зборува дека интерпелација може да се постави за работата за секој носител на јавна функција.

Носителот на јавна функција е личност. Од друга страна таа е поврзана со личноста на Ненад Новковски.

Друго, интерпелацијата гласи буквално: "Интерпелација за работата на министерот за образование Ненад Новковски. Ако така е срочена интерпелацијата, мислам дека е поврзана со личноста на Ненад Новковски. Ако е така поврзана тогаш е веќе беспредметно да се дискутира, бидејќи секоја дискусија може да заврши со донесување на некаков заклучок што може да заврши со гласање на недоверба.

Дали гласањето на недоверба ќе доведе за некој фантомски министер за образование кој не постои? Јас не знам како би го формулирале прашањето, довербата на кого на министерот за образование? Кој е тој? Тој веќе не постои.

Од друга страна, избрана е нова Влада. Во таа Влада веќе не фигурира министерот за образование Ненад Новковски.

Според тоа, се надевам дека процедурално, ако се држиме до деловникот, беспредметно е, исто како и за другата интерпелација да се дискутира и да се донесуваат некакви заклучоци. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека е сосема јасно и да не се надмудруваме сега требало или не требало.

Во тој случај ја затвораме расправата.

Минуваме на точката четири - Предлог за донесување на закон за Ратификација на Конвенцијата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Романија за соработка на полето на заштитата на растенијата и карантинот, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот за работата на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за Ратификација на Конвенцијата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Романија за соработка на полето за заштитата на растенијата и карантинот.

Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласаа за, три воздржани, а против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

56 пратеници гласаа за, воздржани нема, против нема, а јас гледам дека во салата има повеќе од 60 пратеници.

Еве, има и тука седнати на други места.

Значи има повеќе од 60 пратеници.

Според тоа, констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ги молам пратениците што се надвор да влезат внатре, затоа што навистина ни требаат.

Се гласа, а навистина разбирам, паузи и мене ми требаат паузи.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 2.

Амандман со иста содржина поднесе и Комисијата за надворешна политика.

Отворам претрес по амандманот на член 2, поднесен од ЗПК и Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Дали претставникот на Владата се согласува со овој амандман?

Има збор г-динот Јован Дамчевски.

**ЈОВАН ДАМЧЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Ве молам, господа пратеници останете уште малку во салата.

Ве молам да гласаме.

71 пратеник гласаа за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на конвенцијата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Романија за соработка на полето за заштитата на растенијата и карантинот.

(Во отсуство на претседателот на Собранието г-дин Саво Климовски со седницата продолжи да раководи г-дин Иљјаз Хаљими, потпретседател на Собранието.

**ИЉАЗ ХАЉИМИ:**

Минуваме на точката пет, Предлог за донесување на закон за Ратификација на конвенцијата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Романија за соработка на ветеринарно - санитарно поле, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Ратификација на конвенцијата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Романија за соработка на ветеринарно - санитарно поле.

Ве молам да гласаме.

67 гласале за, два против, а воздржани нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници за, воздржани два, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот ан законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, од нив 63 за, воздржан еден, три против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Ратификација на Конвенцијата меѓу Владата на РМ и Владата на Република Романија за соработка на ветеринарно - санитарно поле.

Минуваме на точката шест - Предлог за донесување на закон за Ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Сојузна Република Германија за техничка соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Сојузна Република Германија за техничка соработка.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, од кои 63 за, апстинирани нема, а против двајца.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Ве молам да гласаме.

Гласаа 67 пратеници, од кои 65 за, воздржани два, и против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, од кои за 66, воздржани нема и два против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Сојузна Република Германија за техничка соработка.

Минуваме на точката седум - Предлог за донесуваше на закон за ослободување на судски такси на штедилниците, врз кои е отворена стечајна постапка "АЛФА С" АД - Скопје, "Лафци" Д00 Охрид и "ТАТ" Д00 Битола и доверителите на овие штедилници, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, мислењето на Владата, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

За збор се јави г-динот Стојановски Томислав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, очекував да се јави предлагачот на законот.

Ова практично ќе биде мое повикување истиот повторно да го образложи, што сметам дека со ваквиот закон ќе бидат нарушени уставните одредби од член 55 на Уставот на РМ, каде ќе го наруши основниот принцип на рамноправност на сите субјекти на пазарот. Сите други ќе треба да плаќаат такса сем оние штедачи да не плаќаат. Тоа би било апсолутно лоша работа.

Затоа, го повикувам ако е тука, предлагачот барем во овој однос да го каже својот збор.

**ИЉЈАЗ ХАЉИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор побара г-динот пратеник Андов Стојан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој закон го предложив по барање на штедачите на поранешните штедилници "ТАТ","Лавци" и "АЛФА С" , го предложив и според личното убедување дека штедачите на овие штедилници материјално се битно оштетени. Имаат изгубено свој имот заради тоа што во штедните установи, како што се штедилниците, верувале што се воспоставени со наш закон и врз кои контрола врши државата и државните институции.

Како што знаете се покажа дека државните институции не навремено и не целосно си ја вршеле својата улога и во овие штедилници се појави опасна појава, т.н. пирамидално штедење, со очигледен грабеж на имотот на луѓето кои верувале во нив.

Тоа го констатира и Собранието во минатиот состав и Собранието во минатиот состав се определи кон овие штедачи и овие штедилници дека не се исти со другите и донесе посебен Закон со кој се обештетија делумно штедачите со околу 20 милиони ДМ.

Меѓутоа, останаа грото од штедните влогови непокриени и немаат од кого сега да ги наплатат, да водат спорови, тие се сите под

стечај, се водат судски спорови за утврдување и идентификација на лошо водени договори, не евидентирани договори и т.н. за спорни износи. Сите тие ги изложуваат и штедачите и штедните установи на големи материјални, нови материјални трошоци.

Државните органи сега добиваат, се разбира, компензација за услугите што допрва ќе ги вршат, иако тие услуги ги вршат заради тоа што навреме не си ја вршеле својата работа. Тогаш биле Министерството за финансии, сега се судовите, но државата е оној субјект што стои пред граѓаните кои верувале во неа.

Само за потребите за водење судски спорови што произлегуваат од лошото работење на "ТАТ", информиран сум дека се потребни скоро 24 милиони денари да се намали активата на "ТАТ" за тоа. Слични или помали се сумите кај другите штедилници.

Според тоа, овој закон не внесува не рамноправност, не еднаквост на субјектите пред законот, пред правото во државата, не го нарушува принципот на еднаква правност на граѓаните и на субјектите, туку тој го вреднува системот на еднаквост на сите кои претрпеле штети од пирамидалното штедење по повод на таксите што треба сега да се платат и да бидат ослободени.

Според тоа, јас сум убеден дека мојот предлог не е против законит, против Уставот, туку напротив ги штити основните уставни права на луѓето кои верувале во државните институции, но не добиле услуга што би ги заштитила од вакви препади, какви што беа направени со овие штедилници.

Тоа е моето образложение и мислам дека оттогаш, некаде кон крајот на 1997 година беше да се донесе Законот за делумно обештетување на штедачите на "ТАТ", "Алфа С" и "Лавци", со околу 20 милиони германски марки, досега фактички, нема ништо превземено, да се намалат штетите на граѓаните.

Јас со овој Закон немам намера да се реши прашањето на штедачите и нивните права, туку да се спречи една основа, а тоа е судските такси што мора да ги плаќаат, за намалување на нивната актива, во овие штедилници. Тоа ми е намерата.

Јас сега не мислев да давам уводно излагање, бидејќи тоа го дадов минатиот пат, кога имаше прв пат расправа, кога барав да влезе на дневен ред на оваа седница.

Само мислам дека потпретседателот Стојановски имаше право, што бараше да објаснам, тоа беше од одамна, тоа беше пред претседателските избори и еве сега тоа го правам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г. пратеник Стојан Андов.

Дали некој друг бара збор.

Има збор г. пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Изјавувам благодарност за сфаќањата за рамноправноста со другите граѓани, како последица од вложување на штедење, како што тоа го направи г. Стојан Андов.

Тој меѓу другото, спомна како оправдување дека поранешната Влада, поддржана од поранешниот состав и ова Собрание во претходен состав донел Закон, со кој делумно се намириле побарувањата на штедачите.

Господине Андов, повторно ќе Ви кажам благодарам.

А зошто, слушајте го примерот, што ќе Ви го кажам: Како редовна работа, едно време се јави за заштита на имотите од продавниците, за сите што се вработени во продавниците, претпријатието чија сопственост е продавницата да може да ја наплати рамноправно од сите вработени. Што правеа шефовите тогаш? Ќе го однесат капиталот од продавницата и ќе престанат пред управата на претпријатието да платат рамноправно.

Дали господине Андов Вие не не одведовте на прав траг. Оние што ја ограбија штедилницата својот дел да го вратат преку буџетските средства. Ако сте така уверени г. Андов и ако бевте во тој состав и тоа на некој начин го напаѓавте од оваа говорница, тогаш останете без овој Закон, заблагодарете му се, луѓето ќе најдат средства да ги заштитат своите побарувања, по основ на вложување, но немаме ниту ние ниту јас, да бидеме учесници во поделба на штетата што минатата власт ја нанела на овие штедачи.

Знаете зошто тие ги бранев, шефовите велеа така: Ќе вратам со останатите, затоа што тие зедоа еден грам, а кај мене се другите два килограми и многу лесно ми е да платам грам, а тие нека мислат што не земале ништо, што ќе ги најде. Мора да го продадат својот имот. Ние се среќававме г. Андов, за некакви функционери во тренерки и слично. Не се најде, дали Вие мислите на тој човек да му помогнете, дали Вие имавте намера, со овој закон да му помогнете и нему да не плаќа такса, ако нешто вложил. Затоа што парите си ги земал, а сега останал формален долг. Дали и Вие повторно ќе бидете тој, кој ќе помогне на граѓаните без такса да бараат од оној што го нема капиталот. Ако таква Ви е намерата, лоша услуга ќе им направите на овие луѓе.

Вашиот втор пример, дека само со плаќање на такса, односно ослободување од плаќање такса, ќе им се помогне на тие луѓе, што биле во тие штедилници, заангажирани по основ на штедење, ќе им биде олеснета положбата.

Господине Андов, ако вашата фирма, или Вие лично и бевте дале пари на таа штедилница, или им бевте направиле некоја услуга, како Вас да Ве ослободи, кога не сте штедач таму. Вие ќе морате да платите такса, а другите кои вложиле капитал, без да очекуваат друго, туку нов капитал, тие да бидат ослободени, а Вие спорот да го

изгубите, затоа што немате пари да платите. Си ја нарушувате Вашата рамноправност, со другите штедачи. Значи, барате, да Ви се надомести штета, а штетата може да биде само по основ на штедачите, а последицата е иста, тогаш еден по основ на штедење нема да плаќа такса, а Вие ќе плаќате.

Господине Андов, имотот да го најдеме каде е на "ТАТ". Од таму ќе имаме корист, дали со такса, или без такса. Имотот остана спорен, затоа што тие донесоа времен закон, со кој дадоа 20 милиони марки и се одолжија сами на себе си.

Сега да ги покриваме со овој Закон! Не. Ве молам, повлечете го овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Томислав Стојановски.

За збор се јави г. пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, мислам дека на дневен ред е Предлогот за донесување на закон за ослободување од судски такси на штедилниците, врз кои е отворена стечајна постапка и тоа "ТАТ", "Алфа С" и "Лавци", поднесен од страна на пратеникот Стојан Андов.

Мислам дека овој закон заслужува внимание и не би требало сега од Законот да извлечеме никои политички расправии, јас така ја сфатив претходната дискусија.

Напротив, овој закон, мислам дека треба да се поддржи и пратеничката група на ПДП ќе го поддржи, од едноставна причина, што овој Закон, односно со овој Закон, се чинат минимални напори, за олеснување на тие штедачи, на кои им пропаѓаат голем дел на средства во овие три штедилници, кои пропаднаа, а како пропаднаа, што пропаднаа, тоа е проблем на државата и на Владата која треба да обезбеди исплата на долгот на граѓаните, кои штеделе во овие штедилници. Овој дел е само за тие граѓани, кои покренале судска постапка, да не плаќаат судски такси. Значи, тие што ги изгубија парите, да не даваат дополнително некои пари за водење на спор. А тие износи, по математиките со кои јас располагам, не се којзнае какви, нема тоа многу да се одрази во Буџетот на судството, односно на судските такси, а врз основа на тоа и врз вкупниот буџет на Републиката, а Владата мислам дека треба и те како да го поддржи, бидејќи е еден добар чин на Владата, како што и г. Андов предлага и навистина би добила поени и Владата како Влада, на некој начин да се обидува да го реши проблемот на штедачите, во овие пропаднати штедилници. А не сега да се расправа за вкупните проблеми на штедењето, тоа е проблем на Владата, Владата нека излезе со Предлог на закон за помирување и обештетување на штедачите од овие пропаднати штедилници.

Целта на законот е и тоа, јас така го сфаќам, да ги ослободиме граѓаните, кои покренале судски спор, за нивните средства, на некој начин да не плаќаат на државата уште судски такси. Да ги ослободиме од тие судски такси и да придонесеме и ние како Парламент, како држава, за нивно олеснување на тие нивни проблеми, кои ги имаат со штедењето.

Од тие причини, јас сметам лично дека е добар овој закон и треба да се прифати и од економски и од политички причини, бидејќи со ништо не се доведуваат во прашање некои други проблеми, или дека има некоја задна намера пратеникот. Тој едноставно предлага едно добро решение, кое треба сите да го поддржиме.

Јас лично го поддржувам и во име на пратеничката група така се договоривме, овој Закон ќе биде поддржан.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. пратеник Илјаз Сабриу.

За збор се јави г. пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не станува збор за реплика г. потпретседателе, сакам на пратениците да им биде јасно, за што овде станува збор.

Се разбира проблемот на “ТАТ“ и на другите пирамидални штедилници, јас не можам да го решам и не предлагам Закон да го реши тој проблем. Иако, морам да кажам, пред да настанат тие афери, точно година дена укажав дека во начинот на штедење, кој се практикува во Македонија, ако итно не интервенира Народната банка, ќе настанат големи афери и ќе дојде до појава на организиран криминал, бидејќи се забележани елементи на пирамидално штедење. Тоа го направив некаде 1996 година во март - април и не помогна. Во 1997 година пукна "ТАТ", а потоа "Алфа С" во есента 1996 година.

Според тоа, моите напори да се спречи да дојде до тоа, не помогнаа. Можеше нешто да направи државата, не поединец пратеник, или било кој. Меѓутоа, државните органи затаија. Дојде до тоа што дојде. Вие знаете, најголем дел од Вас, се сеќава за драматичните расправи во март месец, мислам беше 20 март последен кога беше овде за штедилниците, јас бев еден од потписниците на барањето таа точка да се стави на дневен ред и овде да се објасни.

Таа точка заврши со едно ветување дека "Октоподот" ќе биде фатен и дека ќе се расчисти со "Октоподот". Тогаш се зборуваше и се пишуваше во весниците дека некои и со фармерки и не знам како носел некој торби и ова и она. Тогаш се спомнаа и тие две вреќи, пластични, црни вреќи со документи, кои треба да се прегледаат. Се ветуваше се, дека ќе се расчисти аферата "ТАТ", дека ќе се фатат виновниците и парите што се ограбени ќе бидат вратени на оние кои ги вложиле таму.

Меѓутоа, како што гледате, истражните органи, судските органи, органите на обвинителството и така натаму, до сега немаме од системот на органите добиено ни квалификација,

никој не е обвинет за грабеж во "ТАТ". Се уште за тоа никој не е обвинет. Според тоа, јас тоа не можам да го исправам. Она за што јас покажав разбирање и зошто овој Предлог закон го предлагам сега, во очекувањето државата да ги изврши своите обврски, да ги открие криминалците, тие тоа што го направиле, а државата тогаш ја претставувала тогашната Влада, сега ја претставува сегашната Влада. Државата работи во континуитет, органите работат во континуитет и ги наследуваат одговорностите и овластувањата. Само на тој начин тоа е држава, инаку, ако при секоја промена на Владата и власта, престане старата држава и ако биде нова држава, тоа е невозможно. Одговорностите мора да си одат. Да ги наследи секој.

Јас очекувам новата Влада и органите, да продолжат по барањето на виновниците и на оние кои се офајдиле од "ТАТ". Јас за да нема никакво недоразбирање, не сум штедач на "ТАТ", и немам јас интерес, и ниту некој мој близок е штедач на “ТАТ“. Ниту пак имам фирма, како што вели г. Стојановски, ниту пак на некој начин ми е должен “ТАТ“. Ништо не сум му дал на “ТАТ“, ниту побарувам од “ТАТ“. Ова го правам од убеденост дека државата на овој начин треба да постапува, бидејќи уште не ги фатила виновниците и не ја решила таа афера со “ТАТ“, со Лавци и со Алфа С, мислам за Алфа С нешто е решено, еден одговараше, еден е во затвор, меѓутоа парите не се најдени, а тоа е најлошото. Додека тоа го истера државата, а верувам органите ќе работат на тоа, граѓаните заради несовесното работење на штедилниците, а тоа несовесно работење на штедилниците, државните органи би можеле да го установат на време, бидејќи редовно правиме ревизии, не го откриле, не го запреле, не го спречиле, соучевствувале, со органите во тие фирми кои несовесно работеле, не можат да си ги остварат правата во ТАТ, да се утврдат нивните вистински побарувања. Сега се водат многу спорови, судски спорови. За тоа треба да се платат судски такси.

Ве молам, граѓаните, и како доверители на ТАТ и на овие штедилници и како приватни лица, личности, мислам дека тука, заради тоа што државата не прифаќа дел од вината, иако ја има, повторно ги ограбува, заради тоа што тие мора да плаќаат такси, кои одат во државата. Државата треба да им ја направи таа услуга, со судска одлука, да се утврдат нивните права. Ништо друго. Заради тоа, заради едно чувство на праведност и сигурност на граѓаните во државата и во државните институции и заради интересот на државата да се јакне довербата во улогата на државата, кога се во прашање штедењето и штедните установи, за да се рехабилитира и штедењето, како еден од основните лостови на можниот развој на земјата, јас молам, овој Закон, Собранието во овој состав да го донесе. Тој гест овде ќе даде дополнителна доверба на граѓаните во Владата.

Затоа мислам дека ние сега овде во ова Собрание, да не се занимаваме со тренерки и криминалци, тоа има кој да го работи и да им веруваме дека тоа ќе го направат тие што мора тоа да го направат, а ние овде како државен орган, кој донесува закони и води сметка за интересите на граѓаните да го донесеме овој Закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. Стојан Андов.

Има збор г. пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Ги следев тројцата говорници околу оваа тема и мислам дека сите тројца се во право, секој тргнувајќи од својот аспект и гледиште, но една е голема вистина за нас, посебно во Битола, дека ТАТ беше една голема афера, организиран криминал, од страна на тогашната актуелна власт, во која ги имаат сплетено прстите луѓето од Бранко Црвенковски и токму заради тоа во Битола, ако СДСМ падна на последните парламентарни избори, падна токму заради ТАТ, но јас сакам да кажам дека сето она што се зборуваше во прилог на штедачите, особено на оние вистински штедачи, е сосема во право г. Стојан Андов. Сосема е во право Стојан Андов и сосема е во право Томислав Стојановски, во поглед на оние привилегирани штедачи во штедилницата “ТАТ“ и други штедилници.

Но, во овој случај ние не можеме да бидеме релевантни судии како пратеници во ова Собрание, бидејќи немаме ниту релевантни показатели за тоа кои беа тие повластени штедачи, кои беа вистинските штедачи и каде испарија штедните влогови на граѓаните во Битола. Додека нема крајно судска разврска на цел овој случај и јас навистина најмногу очекувам да се реши таа работа, меѓутоа и во тој поглед сум скептик, бидејќи тоа е толку смислено направено за да се прелеат тие пари на други места и оваа власт, наша позиција, мислам дека не ќе може да го открие до крај ова нечесно дело исто како што не се откри ниту убиството на Кенеди, или атентатот на Киро Глигоров кои ќе останат во вечна мистериозност.

Но, да ги оставиме тие работи на страна. Јас како пратеник од Битола и како човек кој чесно и совесно ги следам сите настани не само во Битола, и во мојата држава, чинам дека овој пат ние мора да застанеме само во интерес на не повластените штедачи да го донесеме овој закон. Иако велам дека и тие неповластените би имале било каква корист, она што го кажа Томислав Стојановски кој е потполно во право. Но, заради приликите заради околностите во кои ние работиме и делуваме и заради “ТАТ“ се води една постапка која е во континуитет, мислам дека да го поддржиме овој закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Котевски.

За збор се јави Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Мислам проблемот на ТАТ, првенствено на ТАТ, а и на останатите штедилници ни е добро познат, особено ние кои потекнуваме од Битола и знаеме како тоа ги погоди луѓето во Битола. Многу луѓе, голем број на семејства се погодени со овој проблем. Не можеме сега да навлегуваме во разрешувањето на кривицата во ТАТ, бидејќи тоа е префрлено на судските институции и тие ја водат постапката. Сега овде се поставува суштинско прашање како да им се помогне на луѓето, штедачите во ТАТ и една минимална помош. Јас ја разбирам идејата на господинот Андов дека секаква помош е добродојдена за овие луѓе, кои се оштетени да се ослободат од судските такси.

Меѓутоа, се поставува големата дилема пред нас сите како пратеници и пред мене лично. Во желбата да им помогнеме на овие луѓе кои се оштетени, дали треба да дојдеме во колизија со Уставот и да направиме нерамноправност на граѓаните. Па тогаш некои други граѓани од Битола кои не биле штедачи на “ТАТ“, меѓу кои сум и јас, да ги ставиме во неравноправна положба па мораат да плаќаат судски такси за предметите кои ги водат во судовите, а штедачите на ТАТ да ги ослободиме. Се плашам дека таквото решение ќе повлече некакви други проблеми, реакција од другите граѓани на Републиката.

И затоа мислам ако е можно, не сум стручен во правната сфера, меѓутоа претпоставувам дека можеби решението може да се пронајде во судовите наплаќањето на судските такси да се изврши после завршетокот на дефинитивниот судски процес, откако некој или некои ќе бидат прогласени за виновни.

Затоа мислам дека најповолно решение би било тоа, а не на ваков начин Собранието да се инволвира во донесување во некаква противуставна одлука, која би повлекла понатаму проблеми.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова ми е последна интервенција.

Јас мислам дека е јасна намерата и јасна е функцијата на овој закон. Само сакам да одговорам на оние наши колеги мои колеги овде кои мислат дека се создава некоја не рамноправност и не еднаквост пред Уставот и законите. Сакам да кажам дека, еве пратеникот Јованов што кажа. Тој не е присилен да води судски спор и неговата рамноправност нема да биде оштетена,тој нема да плати такса, бидејќи не е штедач на ТАТ, нема потреба тој да оди на суд. Оние штедачите на ТАТ кои со грешки на државните органи се доведени во ситуација да мораат да водат судски спорови се во не рамноправна ситуација заради грешките на државните органи, што не вршеле контрола.

Ние сме држава и мора да застанеме пред тие граѓани и да им кажеме дека државата своите грешки ќе си ги плаќа. Тоа е, ништо друго. Јас сум комплетно убеден дека е правилно, хумано и одговорно и за државата и за луѓето овој закон да се донесе. Материјалните трошоци не се големи за државата, но многу значи државата да си ги признае грешките и да застане да поднесе консеквенции таму, точно овде, затоа што консеквенциите произлегуваат од грешките на државните органи. Инаку државата е неодговорна, ќе прави големи грешки, а тогаш морам да ви кажам дека граѓаните се во голема опасност. А таква држава ќе биде и слаба, во тоа треба да сме сигурни. Затоа ова е мое што сакав да го направам, го направив законот во консултација со штедачите. Аргументацијата ја извлеков од наводите што ми ги дадоа.

Мислам дека сме должни да им помогнеме на тие луѓе. Законот го предложив овде. Апелирам на ваквата одговорност. Мислам дека сите ги разбирате тие состојби. Се согласувам со господинот Јованов, ние не можеме да ги бркаме криминалците, тоа ќе го тера тој што е должен тоа да го направи и на тие луѓе што ги бркаат криминалците треба да им веруваме дека ќе ги фатат и од нив треба да го очекуваме тоа. Сега јас немам што да додадам, јас им ветив на граѓаните од Битола штедачи на ТАТ, еве го извршувам тоа и ве повикувам да гласате за овој закон.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Се извинувам, бидејќи бев спомнат. Јас се согласувам со идејата која ја води господинот Андов.

И верувајте јас сум по заинтересиран како битолчанец за да можеме да им помогнеме на тие луѓе. Тоа ми е совршено јасно. Меѓутоа, имало и други неправди во оваа држава. Имавме ситуации на отпуштања од работа, па тие луѓе воделе судски спорови, па се докажало дека било неправедно тоа отпуштање, па биле враќани и т.н. Никој никогаш не ги ослободил од судски такси.

Јас затоа велам онеправданост има на ваков или на онаков начин и се согласувам, меѓутоа велам не сум правник. Дали можеби за оваа точка, за оваа расправа ни требаше коментар од Законодавно - правната комисија, не знам можеби од Министерството за правда, за да не бидеме доведени во ситуација да донесеме одлука која ќе биде против уставна. Мојата загриженост се однесува само на тоа. А јас сум најповеќе заинтересиран како битолчанец, како да им помогнеме на овие луѓе.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ослободување од судски такси на штедилниците врз кои е отворена стечајна постапка “Алфа С“, “Лавци“ ДОО Охрид и “ТАТ“ ДОО Битола и доверителите на овие штедилници.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници. Бидејќи во врска со овој Предлог - закон не стана збор, не стана дискусија дека треба да се поведе дискусија и по текстот на овој Предлог - закон, јас си земам слобода да ве потсетам, бидејќи измина доста време кога беше предложен овој закон, јас имам поднесено амандман и во тој амандман не предлагам некои големи суштински промени, односно два амандмани се каде што се врши едно надополнување, бидејќи имаше барање и од други штедачи. На сите вас ви е добро познато дека ова пирамидално штедење не започна само и не заврши со “ТАТ“ и “Лавци“, односно “Алфа С“ и “Лавци“ и “ТАТ“. Тој процес се одвиваше како печурки после дожд, никнаа многу штедилници и ако веќе донесуваме ваков закон не е во ред другите штедачи да не бидат ослободени од овие судски давачки. Во таа смисла јас ќе ги напоменам само неколку. Тоа се штедно - кредитни претпријатија, “Југо маркет“, претпријатие за трговија на големо и мало, потоа “Македонија реклам“, претпријатие за надворешен и внатрешен промет Цамаданче, пазар на пари. Дури имаше банки кои што се во стечај и се уште не наплатени долгови, тоа е Кариќ банка, посебно ја пратенцирам. И во таа смисла со ова мое амандманско интервенирање сметам дека предлагачот господинот Стојан Андов сигурно ќе го прифати, бидејќи овие амандмански само го надополнуваат овој Предлог – закон.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пет минути пауза.

Имам поддршка од 10 пратеника.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Предлагам пауза од пет минути. (По паузата).

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа.

Продолжуваме со 7-та точка.

Господинот Томислав Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, со оглед на фактот дека сега треба да гласаме за овој законски проект даден од господинот Стојан Андов.

После кратка консултација во нашата пратеничка група одлучивме да го замолиме господинот Андов да даде согласност да се одложи денешното гласање за ново продолжение кога ќе извршиме и гласање по овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Доколку на пратениците им е потребно и сами натаму да си соберат уште информации и меѓусебни договори, јас овој предлог го прифаќам, Значи на првото продолжение да гласаме за ова. Не денес, но во рамките на Дваесет и седмата седница.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе со оглед на тоа што не е извесно колку ќе трае оваа седница и можеби ќе дојде евентуално до не завршување конечно со сите точки, јас би побарал поради неопходност од отпочнување на работата на Одборот за доделување на наградата за публицистика и новинарство точката 14 да ја расправаме веднаш во продолжение на седницава. Значи да се измести само редоследот на точките, точката 14 сега да дојде на ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вкупно имаме уште пет, шест точки. Верувам дека нема да се задржуваме многу по точките кои ни се на дневен ред и нема многу да се задржиме.

Мислам дека за еден час ќе завршиме.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници и членови на Владата, еден добар дел од изборната единица која ме избра да ја претставувам во ова Собрание може да се подведе под дефиницијата ридско - планински крај.

Основата на мотивот заради кој побарав збор за да се искажам во врска со предложениот закон е токму тој. Предлогот на законот за измена и дополнување на Законот за шуми практично се состои од два, односно три члена. Граѓаните ги засега само првиот член. Во тој член се предлага од постојниот закон да се избрише текстот на член 37 кој гласи: забрането е вршење сеча во државна шума од страна на физички лица заради обезбедување на сопствени потреби, или препродажба, а наместо него се предлага да се внесе текстот: "Забрането е вршење на сеча во државна шума од страна на физички лица заради препродажба".

Министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на сеча во државна шума од страна на физички лица, заради обезбедување на сопствени потреби. Во важечкиот закон, забранета е сеча заради задоволување на сопствени потреби и препродажба, а во Предлогот за измена се забранува само сечата за препродажба, а за задоволување на сопствените потреби, начинот на сечата да ја пропише надлежниот министер. Тоа е во ред и јас заради тоа ќе го поддржам предлогот.

Но, во мене има едно сомневање дека потребата заради која се нуди измена на законот, нема да биде задоволена. Конкретно што сакам да кажам. Во мојата изборна единица има населби кои по некоја случајност се претежно со население од турска националност. Буквално живеат во државните шуми. Овде е нужно да споменам дека во мојот крај нема шуми во приватна сопственост. И сега тоа население сместено во населби во ридско - планински реон кој и по дефиниција е пасивен, треба да изоди пат долг и по 30 до 50 км за да се симне долу во низината и да може по малопродажна цена да купи од јавното претпријатие за стопанисување со шуми да купи дрва кои можеби претпријатието ги исекло токму во нивните дворови.

Друго, многу значајно прашање е тоа што тие граѓани немаат алтернатива. И дење и ноќе и лете и зима, за готвење, за греење употребуваат само дрва. Тие живеат со дрвјата во планините и нив дрвјата им се живот и треба да се најде решение таа врска да се оживее. Добро е што со Предлогот се отфрла забраната и се дозволува сечење на дрва за сопствени потреби. Во прашање е начинот на сечење, кој според Предлогот треба да го пропише министерот. Се плашам дека тоа е критичниот момент.

Од секое место, од секоја шума и од секоја потреба ќе има разлики. Министерот не ќе може за секоја посебна потреба да донесува посебен пропис, ниту пак со еден пропис ќе може да ги покрие сите потреби. Постојниот закон забранува секаква сеча од физички лица. Предлогот дозволува сеча за свои потреби според министерски пропис и моето размислување е дека треба да се дозволи сеча од физички лица за сопствени потреби. Во шумите има опожарени делови, има мали ревири со стасани дрвја за експлоатација, кои за Јавното претпријатие се не исплатливи, има болни и закржлавени дрвја кои треба да се отстранат, има реони на кои им е потребно проретчување.

Сите тие нешта им се познати на подрачните единици на Јавното претпријатие кое стопанисува со шуми и тие можат да одредат кои се тие места што можат да му бидат дадени за сеча за сопствени потреби на месното население. Личните потреби на ова население не се многу големи, а и бројот на таквото население не е големо, па лесно ќе може да бидат задоволни.

Значи, вториот став на член 1 од предлогот да се измени и да им се даде можност на подрачните единици на Јавното претпријатие што стопанисува со шумите, секое за својот реон, врз основа на годишни планови и програми, да определуваат начин, време и место, кога месното население од ридско - планинските краишта ќе може да ги задоволи своите потреби од дрва. Затоа, да биде пропишана цена или такса, која ќе биде минимална. Со една по сеопфатна математика може да се докаже дека средствата кои Јавното претпријатие ќе ги собере на овој начин, нема да бидат помалку од оние што ќе ги собере ако самото тоа ги исече дрвјата, ги превезе до стовариште, ги лагерува и чека од планините да слезат муштериите за да ги купат. Јавното претпријатие, а со тоа и државата од тоа нема да изгубат ништо. Граѓаните за сметка на својот труд и за сметка на својот превоз за мали пари ќе можат да се снабдат со дрва. Еден солиден износ на трошоци на живот, кој кај една категорија на граѓани ќе биде намален, на тој начин ќе се намалат и социјалните тензии. Останува сомневање дека мештаните личните потреби од дрвја ќе ги растегнат до невидени размери, па ќе почнат да продаваат дрвја на други лица. Точно е и тоа, решение е и државна шумска полиција, која практично постои за да го спречува крадењето на дрвјата.

Значи, да завршам, го поддржувам Предлогот на законот за измена и дополнување на Законот за шумите, но предлагам да се имаат предвид овие мои сугестии.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ристо Тодоров.

Има збор господинот Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Господин потпретседател, колеги пратеници, постојниот Закон за шуми е донесен во 1997 година, што значи пред 2 години, а одредени членови на овој закон, како на пример членот 37, се не логични и не спроведливи во практика, бидејќи според членот 37 се забранува физички лица да обезбедат огревни или технички дрва за свои потреби. Нелогичен, бидејќи граѓаните според овој закон, од ридско - планинските места треба да купуваат дрва за свои потреби во град и така да ги носат во тие места каде тие живеат.

Така, со овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за шумите некои тешко спроведливи норми во практиката би биле надминати, со тоа што како што се предлага Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го пропише начинот на сеча од страна на физички лица во државни шуми, заради обезбедување на

сопствени потреби. Од овие логични причини јас ќе го поддржам Предлогот на законот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Биљал Љутфиу.

За збор се јави господинот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Јас се јави за збор само од една причина, да кажам некои општи проблеми околу шумскиот фонд во Република Македонија и проблемите со кои ние се судруваме како гео простор.

Сите овие забелешки што беа кажани од страна на моите колеги, имаат се разбира свои аргументи, своја аргументација и сето тоа држи, меѓутоа јас би кажал од една друга гледна точка дека на просторот на Република Македонија од година во година се намалува тој шумски фонд и морам да ви кажам дека во последниве 50 години шумскиот фонд во Република Македонија е намален за 8%, што значи ние сме една рекордна земја, не само во Европа туку и во светот со сечење на шуми и во таа насока ние го губиме тој гео пејсаж, шумскиот гео пејсаж што навистина ќе има последици за младите генерации во иднина.

Се разбира, нашиот простор, Република Македонија, поголемиот дел, околу 75% се наоѓа на ипсографска зона над 500 метри. Се разбира, во тој простор има еден голем број на селски населби, 6и кажал од прилика околу 67%. Сметам дека и овој закон и другите закони што ги имаме во однос на шумскиот фонд, односно за биосферата во Република Македонија мораме да констатираме една појава дека постепено се деградира шумскиот простор, додека ние немаме законски механизми како да се обновува шумскиот фонд.

Познавајќи ги приликите во другите земји дека сечењето на шуми треба да се замени и со садење на истите површини, дури тогаш можеме да разговараме дека тој пејсаж ќе го заштитиме и ќе го зашумуваме.

Околу 70% од шумскиот фонд веќе е деградиран. Тие се фикари кои апсолутно не се употребливи за градење, во процесот на изградба и т.н., тие се ниски шуми, деградирани и навистина тие шуми, тој шумски фонд придонесува и за појавување на ерозија, која во Република Македонија изнесува 96%, што за разлика од другите светски земји, скоро за 5% сме повеќе со тој процес на рецентна ерозија.

Не сакам да кажам дека не ги прифаќам елементите со овој закон, меѓутоа, ќе мораме да измислиме и друг механизам, да не го загрозуваме и деградираме нашиот простор, односно шумскиот фонд, затоа што навистина тоа ќе претставува катастрофа за еко пејсажот, па и за самиот живот на човекот во нашата средина.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Аслан Селмани.

За збор се јави господинот пратеник Љатиф Пајкоски.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, веднаш да кажам дека го прифаќам овој Предлог закон и ќе гласам за и сметам дека сите ние пратениците, кога ќе ги слушнеме аргументациите на колегите кои доаѓаат од реони, каде населението живее во ридско - планински и погранични и неразвиени подрачја, практично по самата шума, население кое со досегашниот закон, односно со членот 37 беше ставено во една многу тешка состојба, така што луѓето иако живеат во самата шума беа приморани огревните дрва за сопствените потреби да ги плаќаат дури и поскапо од граѓаните кои живеат во градските населби. Така, на пример, еден кубик дрва сега чини седумдесеттина марки и граѓаните од регионот каде јас доаѓам, тоа е Мавровско - Реканскиот крај, беа принудени да е снабдуваат со огрев дури од подалечните градови, како Кичево, Македонски Брод, Тетово, Гостивар, па дури и Скопје.

Исто така, членот 37 луѓето од овие простори ги имаше ставено како во резерват, особено ако се има ова предвид и ако се знае фактот дека ова население живее на просторот на Националниот парк, во овој случај националниот парк “Маврово", кој заради строгите законитости кои владеат во тој Национален парк, граѓаните се ставени во многу тешка и подредена состојба, дури може слободно да се каже дека во однос на дивечот кој е присутен во овој простор и кој е многу повеќе заштитен од самите граѓани, треба да кажеме дека дивата свиња е толку заштитена, што граѓаните не можат да се заштитат од штетите што ги предизвикува истата.

Исто така, со постојното законско решение со членот 37 оние граѓани кои заради објективни финансиски можности не беа во можност да е снабдуваат со огревно дрво за сопствени потреби од подалечните места и се осмелуваа барем за сопствени потреби да исечат некое дрво, особено во зимскиот период, беа драстично казнувани. Познат е примерот на еден мој сограѓанин од селото Требиште, тоа е Физулски Мугрија, кој што само за три товари дрва беше казнет и одлежа три месеци затвор.

Замислете што значи тоа за граѓаните кои практично се чувари на државната граница, луѓе и кои покрај сите тешкотии што ги нуди суровоста на просторот останале да живеат во тие краишта.

Исто така се надевам, а очигледно тоа е залагање на една од комисиите дека надлежното министерство и другите задолжени за спроведување на овој закон со подзаконски акти ќе изнајдат решенија, кои ќе

значат одредена привилегирана состојба на граѓаните од овие простори, така што и таа привилегирана состојба би требало да биде насочена кон помали такси за огревно дрво, помали такси за напасување на стоката и т.н., сето она што ќе треба да се спроведува согласно овој закон.

Јас го поддржувам законот и ќе гласам за него.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љатиф Пајкоски.

За збор се јави господинот пратеник Љупче Ристески.

**ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ:**

Почитуван претседател, колеги пратеници, овој закон навистина е закон кој во периодот од 1997 година наваму во населените места кои претежно се во шумско - планинските подрачја внесе една голема забуна и големи проблеми и неприлики, околу снабдувањето на населението со дрва.

Имено, спорниот член 37 оневозможуваше физички лица да вршат експлоатација на шуми за сопствени потреби. Меѓутоа, во овој период од две години се покажа дека законодавецот многу лошо ги предвидел ситуациите, кои ќе настанат како последица на овој закон. Имено, денес имаме ситуација најголем дел од шумите уште со поголема жештина се уништуваат, додека населението се изложува на многубројни малтретирања и пред се на големи финансиски издатоци.

Имено, шумскиот фонд во Македонија е драстично намален, меѓутоа, најмалку од тие кои вршат експлоатација на шуми за сопствени потреби, тие кои дрвната маса ја транспортираат до своите домови со товарни добитоци, а сечењето го вршат со секири. Шумската маса во Македонија се уништува од тие кои дрвата ги носат со шлепери, господа. Токму ова население кое е горе во планините и кое живее непосредно во шумите е најголемиот гарант за заштитата и зачувувањето на овие шуми. Тие се први кои приоѓаат на помош кога се појавуваат пожари, тие се првите кои ги информираат надлежните органи доколку се појави некое масовно сечење на шумите од страна на надворешни лица и токму заради тоа овие граѓани треба да бидат посебно привилегирани, а не со еден ваков закон да бидат обесправени. Имено, мојата изборна единица е изборна единица во која припаѓаат скоро една третина од шумите во Република Македонија, а опфаќа над 130 населени места, од кои 90% се ридско - планински и во нив навистина, со стапувањето во сила на тој закон од 1997 година, се создадоа едни невозможни услови за живот, бидејќи се работи за сиромашни села, каде до пари тешко се доаѓа, а цената на еден кубен метар огревно дрво е над 1500 денари. За илустрација, еден метар кубен дрва чини исто онолку колку што чинат три џака брашно, а тие три џака брашно се доволни за егзистенција на едно такво семејство, односно се работи за старци еден или двајца кои живеат во селото, за да преживеат цела една зима. Споредете еден метар кубен дрва, со исхрана за еден цел месец.

Друг еден апсурд кој се појавува, тоа е дека бесправната сеча сега е уште помасовна и шумското претпријатие уште помалку остварува финансиски ефекти токму заради тоа што граѓаните воопшто немаат средства ниту да ги платат тие дрва и апсолутно без никакво плаќање влегуваат во шумата и сечат дрва и за сметка на тоа Шумската полиција е претрупана со самари, секири и други средства, кои ги користи како доказен материјал пред судот.

Меѓутоа, и судот не може да ги наплати тие средства, затоа што се работи за семејства и луѓе кои не поседуваат други извори на приход, така што и од тој аспект досега важечкиот закон не ги исполни очекувањата.

Сметам дека со овој потег, со промена на овој закон, ќе се исправи една голема неправда која е направена кон тоа население и размислувањата на Министерството треба да одат уште во еден правец, да се интервенира и во ценовникот за наплата на шумските такси, бидејќи селаните, сопствениците на шумските поседи со столетија плаќаат данок на имотот, кој го имаат на име шуми, меѓутоа со високите такси доаѓаат во состојба сопствените дрва три пати да си ги наплатат.

Со ова би завршил и би бил навистина среќен доколку денес ја усвоиме оваа измена на овој закон.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ристевски Љупче.

За збор се јави господинот пратеник Анушев Љупчо.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници, размислував дали да предложам амандман на Законот за шуми, но поради осетливоста на оваа материја одлучив оваа информација да ја предложам како иницијатива на ресорното министерство, кое што ќе изготви дополнување на Законот за шуми.

Поточно, се работи за приватните шуми кои што после донесувањето на Законот за денационализација, ќе се јават во поголем број, отколку што ги има во моментот.

Со последниот Закон за шуми се одредува начинот за користење и заштита на шумите во приватна сопственост. Според него, шумите во приватна сопственост, како и тие од државна сопственост се дефинираат како приватно богатство од општ интерес.

Инаку, шумите според овој закон се во приватна или во државна сопственост и тие може да се користат за стопанисување. Стопанското користење на шумите во државна сопственост се отстапува на јавното претпријатие, додека со приватните шуми стопанисуваат самите сопственици. Целокупната технологија на стопанисување е сконцентрирана на државната шума во јавното претпријатие, а додека за приватните шуми, таа е поделена меѓу сопствениците на шумите и јавното претпријатие.

Сечење на дрва во приватна шума е условено со одобрение за сечење. Одобрението го издава јавното претпријатие со ограничени мерки. На овој начин правото на приватна сопственост за стопанисување се ограничува.

Со цел да се надминат проблемите околу издавање на одобрението за сечење на дрва во приватни шуми, нужно се наметнува потребата околу менување на ингеренциите на јавното претпријатие и тоа во правец на намалување на монополот на тоа претпријатие.

Од досегашната практика е утврдено дека јавното претпријатие применува таква технологија во издавање на одобрение за сечење, кое се ангажира повеќе денови, а со тоа и финансиски издатоци.

За надминување на ваквата состојба предлагам измени во Законот за шуми и тоа во правец на укинување на монополот, кој што е даден во последниот закон. Поради тоа, предлагам за издавање на одобрение за сечење на дрва, да се овластат покрај јавното претпријатие и приватните претпријатија кои имаат шумарски стручњаци, како и општинските шумарски инспекции.

Ознаката на стеблата за сечење предлагам да можат да ја вршат приватни претпријатија, општински шумарски инспекции и самиот сопственик на шумата. Обемот на сечење ќе го одредува, контролира општинскиот шумарски инспектор и приватното претпријатие. Заради тоа што и приватно претпријатие треба да биде стимулирано да ја одгледува шумата, со неа да стопанисува и од неа да има приход.

На овој начин се укинува монополската положба на јавното претпријатие, како и постигање на реални цени на ваквите услуги.

Исто така, предлагам поседовниот лист, како документ за право на сопственост да важи подолго време односно четири години.

Документот за транспорт на дрвата предлагам да се укине, бидејќи не може да се усогласи времето на инспекцијата и давателот на транспортните услуги и сопствениците на приватни шуми губат и време и пари. Инаку државните шуми се доволно заштитени со овој закон, бидејќи субјектот кој ја користи шумата, истовремено е и контролор на заштитните мерки.

Врз основа на сето ова досега заклучувам дека потребата од менување на постојниот Закон за шуми е јасно видлива и тоа, одобрение за сечење да издаваат и други стопански правни субјекти и оние кои се стручни. Ознаката за сечење дрва исто така да се прошири како право и на други правни и физички лица. Одобрението, жигосување, како и заштитни мерки да паднат на товар на државата. Транспортот на дрва да се врши слободно без ограничување на времето и без испратница.

Со прифаќање на горенаведените предлози, ценам дека Законот за шуми ќе овозможи стимулирање на одгледувачи на шуми од повеќе субјекти во државата. Благодарам.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Анушев Љупчо.

За збор се јави господинот пратеник Трајков Горанчо.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас би сакал да ја искажам мојата поддршка кон донесувањето на овој закон, бидејќи со донесувањето на овој закон, би се деблокирал еден процес за кој во државните шуми единствено право на сеча имаше јавното претпријатие, кое во досегашната пракса се покажа како не добро. Јавното претпријатие, секако, сечејќи во државните шуми имаше оставано одредени количини, пред се на неквалитетна дрвна маса, која што со досегашното решение во законот остануваше таму, скапувајќи секако неискористен.

Исто така и фактот дека одредени жители во овие планински населби мораа да купуваа дрва во населби во кои што седиштето на јавното претпријатие беше таму оддалечени по повеќе километри. Секако се надевам дека со овие измени во Законот ќе биде разрешено сето она што е во доменот на државните шуми.

Сега, би сакал да дадам една полна поддршка на господинот Анушев во делот на приватните шуми и еве да иницираме во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, сето ова да биде покренато и што поскоро завршено, бидејќи во делот за експлоатација на приватните шуми има, навистина, доста неправилности, за кои што е веќе време да бидат разрешени.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Трајков Горанчо.

За збор се јави господинот Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине потпретседател, јас со овој Предлог на закон ќе го поддржам, а воедно сакам накусо да укажам дека ние согласно со нашето уставно уредување, имаме и обврска да спроведеме и денационализирање, кое што ќе се однесува на секаков вид посета. Тука спаѓа и шумското богатство. Би сакал тоа да биде во круговите на Владата позитивно прифатено, затоа

што еве десетина години, не само самостојност, туку и цивилно општество, уставно уредување, ние се уште дури ни куќите кои беа национализирани како општество, не успеавме да ги вратиме на поранешните сопственици. Благодарам.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Бошков Јордан.

За збор се јави потпретседателот на Собранието Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам за дадениот збор. Колеги пратеници, да не одиме по принципот кучето е бесно. Се што кажавме за овој закон го поддржуваме.

Законот има за цел да се даде, да се сече за лични потреби. Дали со тоа не го нарушуваме принципот на еднаквост што е уставна одредба и дали не сакаме со овој закон да го исклучиме кривичното дело шумска кражба. Бидејќи штом се внесе термин за потреба, тогаш секој може, во секој случај и по свое лично уверување да каже дека тоа е моја потреба. Ако предлагачот има намера да ги запре дивите сечи и на јавните претпријатија, кои се покажаа многу штетни за многу битен фонд на шумското богатство, дали сега не придружува уште еден, за своја потреба ова да го чини. Јас не сакам да кажам дека ќе бидам единствениот кој од мои оправдани причини, сметам дека законот требало да има поблиска доработка, да се предвидат сите последици, кога една забрана се симнува и се оди во сферата на слободата, тогаш ќе треба повеќе да се внимава, отколку кога се става забрана. Забраната значи ова нема да се чини. А, ако се дозволи тоа се прави слободно по уверување на граѓанинот. Дали оние кои живеат, како еден колега што се произнесе, тешко би било за еден кој живее во ридско - планинско населено место, да дојде во Тетово или на друго место, приградска или градска населба да купува дрва.

По ова прашање може веднаш да се постави од другата страна. Дали овој кој живее во таква средина, ќе треба да оди да купува таму дрва. За препродажба. Останува само не е јасно што значи и до каде е потребата што значи препродажба. Дали од овогодишната сеча, претходната сеча јас ќе треба да ги чувам тие дрва или било кој да не ги продаде. Причина, дрвото кога ќе се исече има век на траење да не пропадне. Тој ќе го чува една година, втората година ќе дојде до црвоточина и вели што да пропадне, јас ќе го продадам. Тој немал намера за сеча за продажба, ама има последица од продажбата. И, оправдувањето е црвот.

Господине Бошков, точно е ова да предизвикува реакција на смеа ама, за жал, ќе биде вистина. Тогаш ќе се прашаме дали еден револуционерен така да го наречам закон, кој дава големи слободи нема да доведе до безаконие и до анархија. Јас ова го ставам како моја забелешка и немам намера овој закон да го поддржам. Благодарам.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот Стојановски Томислав.

За збор се јави господинот пратеник Котевски Ѓорѓи.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, очигледно дека ние сме големи мајстори од една почетна фаза, од еден голем проблем што се јавува во Законот за користење на шумите, да направиме нешто грандиозно.

Сакам да кажам дека секогаш одиме со една констатација дека нарушуваме одредени права, па дури му ги скратуваме или на некој му даваме поголеми права. Да не одиме во такви крајности. Ако земеме едно село кое, да речеме, зафрлено во Мариово и според Уставот на Република Македонија има право тоа население и на здравствена заштита и на школување, а 20 километри децата одат во друго школо да се школуваат и т.н., мислам дека вакви работи не треба овде да разговараме како пратеници. Тоа ќе не одведе во сосема друга крајност. Тогаш пред очите на јавноста ќе се видат и големите разлики кои постојат и дискриминации во оваа држава, ако сакате. Но, затоа ние сме согласни овој закон да се донесе, заради настанатиот голем проблем на селата, на луѓето кои живеат, гравитираат во ридско - планинските подрачја, да се допушти сеча, но контролирана.

И, сите проблеми кои што ќе произлегуваат после тоа да се регулираат на начин соодветно регулиран со закон. Дали тоа ќе биде само Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и т.н., можат да се вклучат и други организации. Ние имаме национални паркови и затоа тоа е комплексно прашање и потполно се сложувам со еден друг говорник, кој кажа за намалувањето на фондот на шумите, па нивното зголемување и т.н. Тоа е еден голем комплекс.

Затоа, да се задржиме без поголеми разговори и преговори овде, да преминеме на гласање, и да ја донесеме оваа измена во Законот за користење на шумите. Тоа е неопходно потребно понатаму за секој проблем што ќе се јавува, мора а реагираат соодветните институции во државата и а се решаваат проблемите. Благодарам.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Котевски Ѓорѓи.

За збор се јави господинот Сибиновски Борче.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ќе ве замолам да бидете малку пократки и појасни, така што на време да завршиме, затоа што имаме уште многу други точки.

**БОРЧЕ СИБИНОВСКИ:**

Јас како поднесувач на овој закон сметам дека од она што го искажаа моите претходници, навистина образложението што е тука дадено е прифатено од сите. Ова го кажувам од причина што јас непосредно доаѓам токму од таа струка и не го напишав така хипотетично, како што некој на крајот сакаше да го каже. Јас го напишав од практични причини.

Ова го напишав од причини што, навистина извршивме одредена анализа за она како функционира, законот кој што беше донесен во 1997 година. Од тие причини заедно со почитуваниот господин Батковски пристапивме ова да го предложиме, Собранието на Република Македонија да изврши дополнување и изменуваше на Законот за шумите.

Навистина, повеќе не би сакал да дискутирам, само сакам да кажам дека ова во праксата многу ќе значи за луѓето, кои што тука се наведени и кои што ќе го користат овој член од Законот. Со ова се сакаше нешто да се претстави дека во Република Македонија по донесувањето на ова изменување и дополнување ќе има некоја хаотична состојба, јас тоа, еве го кажувам и останувам на тоа дека по пропишувањето на одредени услови од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, сите такви хипотеки кои што сега некои ги прикажуваат, ќе бидат отстранети.

Затоа, јас како предлагач им се заблагодарувам на колегите пратеници што го поддржаа овој закон и се надевам овој закон многу ќе живее. Благодарам.

**ИЉЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Сибиновски Борче.

За збор се јави господинот пратеник Батковски Димитар.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Ви благодарам потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани дами и господа пратеници.

Јас како еден од предлагачите на овој закон, навистина ме радува што наиде на една целосна поддршка скоро кај сите пратеници, било да се работи од позицијата или од опозицијата. Меѓутоа, што сакам јас некои работи да ги потцртам тука, за да нема дилеми кај никого.

Прво, овој предлог за измени на постојниот закон не го даваме од некои аспекти дека се јавуваат проблеми на населените места, снабдување социјални случаи и т.н. Овој закон, според мене, пред се, има и една одгледувачка компонента, бидејќи се работи за шуми, се работи за подрачја кои што се тешко достапни. А, во тие тешко достапни терени не се доволно отворени и овие стручњаци кои што стопанисуваат со шумите од јавното претпријатие, не можат да ги применат одредени одгледувачки мерки така што овие шуми се препуштени сами на себе.

Од тој аспект јас заедно со колегата Сибиновски се поведовме, се разбира, не ги отфрламе оние други компоненти што ги изнесовте во дискусијата, меѓутоа, сакам да кажам дека шумата сите ние да ја сфаќаме малку пошироко, бидејќи шумата е такво биолошко основно средство, кое практично нема амортизација. Бидејќи, во текот на користење таа сама се репродуцира по пат на фото синтеза како дрвена маса и по пат на природно обновување во нови и млади генерации насади. Се разбира, сето тоа е така ако се има стручен пристап во одгледувањето и обновувањето на шумите.

Прво, поимот, се забранува сеча, што постои во постојниот Закон за шумите, јас сакам да го дообјаснам зборот "сеча". Тоа како термин навистина звучи страшно кај поголем дел од вас, почитувани пратеници создава поинакви асоцијации и добивате една посебна фама дека е тоа многу страшно, разурнувачки со тешки последици по човековата околина, по живеалиштата како биотоп и во крајна линија се доведува во прашање и опстанокот на човекот. Но, дали е тоа така?

Во оваа прилика господа пратеници, сакам да ве уверам дека тоа не е така. Ова мое објаснување, како предлагач на овој Закон за изменување и дополнување на Законот за шуми, за да биде целосно сфатено, да кажам дека јас сум долгогодишен професор на Шумарски факултет и се барам токму со таа материја, предавам Одгледување на шуми и со колегата Борче Сибиновски, кој што исто така се бави како стручњак од терен, кој што ги чувствува сите тие проблеми, сите тие пулсирања и токму затоа сакавме на еден ваков начин со овој предлог да ги измениме одредени неправди кои што досега, ете од оваа дискусија што се покажа досега, ја чувствуваат сите.

Затоа што, шумата како едно средство кое што е од посебен општествен интерес за сите нас, нема разлика, шумата и таа не е на позицијата или на опозицијата или на оваа Влада. Таа е за сите генерации. Таа е добро која што никој нема право да се допушти, така да го користи и да го злоупотребува. Токму затоа целта на овие измени е шумата да се подобри, да се создадат услови таа да биде вистински во една многу подобра состојба. Затоа што, и шумата е жив организам, таа расте, таа се раѓа, старее и умира.

Е, сега, ние овие недостапни терени ако ги препуштевме така, тие престарени стебла сами пропаѓаат, гнијат и мора да предизвикаат разни зарази и т.н.

Од тие причини, од одгледувачки аспект, овие жители кои живеат непосредно до некоја шума, да не речам во самата шума, тие да си ги посечат таквите стебла под надзор на стручни лица, под надзор на Министерството за шумарство. И во крајна линија, за тоа се изработуваат посебни проекти, таканаречени судско - стопански основи, кои одат на

одобрување во самото министерство, со стручни комисии од факултетот и пошироко.

Во таа смисла никој нема право со овие измени да може да прави што сака, да задоволува одредени потреби на месното население. Со овие измени на постојниот Закон на шумите, сигурно нема да се дозволи не стручно и стихијно да се уништува шумата како добро од посебен општествен интерес. Сите зафати ќе се изведуваат со стручна проверка, која ќе има за цел да го насочи развојот на шумата кон постигнување на што поголема продукција на дрвна маса.

Јас во оваа прилика сакам да ве потсетам дека, користењето на биомасата од шумата како енергетски ресурс е реална алтернатива и многу значајна за нашата земја. Морам г. пратеници да ви кажам дека во енергетскиот биланс на нашата земја на просечно годишно ниво шумите како производство на огревен материјал, само тоа, да не ги земеме другите функции што шумата ги врши како еколошка заштита, учествува со над 10% во енергетскиот потенцијал на државата, бидејќи од еден м3 дрво може да се добијат 2.800 квтч еквивалентна електрична енергија. И ако се има предвид дека во Македонија годишно се сечат околу 1.000.000 односно 950.000 м3 или во просторни тоа се 1.200.000, испаѓа дека Македонија односно шумарството односно дрвото како енергетски потенцијал учествува со над 26.000.000 квтч електрична енергија, се разбира еквивалентно. Во таа смисла јас би направил една паралела.

Замислете вие сега, кога не би било огревното дрво, кога нашите граѓани не би се грееле на дрво, наеднаш во овие зимски месеци, еве сега имаме температури кој што се и до минус 20°C и повисоки, наеднаш би дошло до распад на енергетскиот систем. Во овие зимски месеци дрвото учествува со над 35% во вкупниот енергетски потенцијал во нашата држава. Тоа треба да се има предвид.

Јас сакам да изнесам некои работи. На пример во Шведска која има 210 топлани, енергани, каде што се користи производство од 1.500.000 мега вати електрична енергија. Кај нас дрвото се уште си ја нема вистинската улога и ние се уште се однесуваме така не одговорно, бидејќи развиените земји дрвото почнаа да го ценат и да го продаваат на кило, а кај нас се уште може секој да краде да си земја слобода да уништува.

Меѓутоа со овој Предлог на закон тоа не се дозволува баш, напротив тоа се насочува, се канализира во една сосема друга насока која ќе пружи развој и одгледување на нашите шуми и подобрување на нивниот квалитет.

Јас ќе се вратам само накратко на овие измени што ги предлагаме, каде некој од дискутантите рекоа дека овие што сечат се социјални случаи и т.н. Не знам дали беше тоа пратеникот Томислав Стојановски. Меѓутоа мора да му кажам на колегата Стојановски дека тоа не е така, затоа што овде ние не правиме никакви социјални компоненти кон нив. Јавното претпријатие Македонски шуми за да појде до овие шуми треба да направи патишта, да однесе механизација, работници. Тоа чини. Сега ние што правиме? Под надзор на стручни лица од јавното претпријатие, од министерството, од Шумарскиот факултет, на селаните им се определува каде да сечат и што да сечат. Фактички тие тоа дрво не го добиваат бесплатно. Тие го добиваат толку поевтино колку што вреди нивниот труд, затоа што тие сами ќе си го пресечат, сами ќе си го изнесат и ќе си го однесат дома.

И што е уште по интересно во овој случај, тие ќе направат многу поголем ред во шумата отколку ако едно шумско претпријатие помине со механизацијата и направи работи каде после треба да се вршат нови пошумувања. Овде и од таа корист овој предлог треба да се прифати и да подржи. Ние овде не им даваме ништо поевтино на овие жители. Тој само неговиот труд треба да си го наплати и да си го вкалкулира во онаа цена што некој рекоа дека е многу скапа и т.н. Во таа смисла ви благодарам на поддршката што ја дадовте поголемиот дел, да не речам сите пратеници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Димитар Батковски, како предлагач на овој закон.

Дали некој друг бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите.

Ве молам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи немаме кворум.

(Пратениците влегуваат во салата).

Ве молам уште еднаш да гласаме.

Гласаа 67 пратеници, за 64, воздржани 2 и против 1.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за 61, воздржан 1 и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам кој бара збор.

За збор се јави потпретседателот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ги замолам предлагачите да ми објаснат една работа од мотивот на законот. Во ставот 2 се зборува дека министерот ќе донесе поблиски прописи. Што ќе биде со законот, кога ќе стапи во сила, дали кога ќе се донесат дополнителните одредби или веднаш по поминувањето на 8 дена.

Ова го прашувам од два принципа.

Слободата ќе се даде со 8-иот ден по објавувањето. Меѓутоа ние во законот немаме предлог во кое време Владата, односно министерот ќе биде задолжен да ги изготви тие дополнителни одредби и од кога фактички ќе почне да се применува законот, затоа што со стапувањето на законот во сила тој може веднаш да се применува нема други спротивни прописи. Дали нема да настане дива работа.

Нека размислат предлагачите што им е тука недостаток.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Само едно кратко појаснување. На потпретседателот Стојановски што го бара од нас како предлагачи.

Овде можеби само навидум има нејаснотии, дека министерот треба посебно со одобрување и т.н., да тера еден процес. Тоа не е така. Јас и во дискусијата кажав, за да се стопанисува со било која шума, да се интервенира, да се одгледува тоа се прави со еден посебен проект, се прави една посебна шумско - стопанска основа. Таа шумско - стопанска основа после рецензијата што ја вршат стручни лица од Факултетот и пошироко во државата оди на одобрување од министерот. Значи министерот само ја потпишува.

Во таа смисла се мисли дека не може никој таму да стопанисува пред да ја одобри Министерството за шумарство една ваква основа, односно проект за стопанисување. Не станува збор овде за никаква дилема и во таа смисла нема потреба од поголемо појаснување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г. Батковски.

Дали некој друг бара збор.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 65 пратеници, воздржан 1 и двајца се против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите.

Минуваме на 9 точка од дневниот ред, Предлог за донесување на Закон за вработување на инвалиди.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам кој бара збор?

За збор се јави претставникот на Владата, потпретседателот на Владата и министер за труд и социјална политика, г. Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и г. пратеници.

Би сакал едно да дадам едно кратко образложение на Предлогот за донесување на Законот за вработување на инвалиди.

Ова прашање досега беше уредено со Законот за претпријатијата. По осамостојувањето на Република Македонија донесени се повеќе закони, со кои се конституира новиот систем на Република Македонија, а во 1996 година е донесен и Закон за трговски друштва, кои ги уредува статусните прашања на стопанските субјекти.

Во Законот за трговски друштва во член 721 став 3 е уредено дека, до донесувањето на закон со кој ќе се определат посебните услови за основање на друштва кои вработуваат инвалиди и за погодностите што ги имаат во работењето ќе се применуваат работните одредби од Законот за претпријатијата. Тоа ја наметнува потребата од донесување на посебен закон, со кој поблиску ќе се уредат прашањата во овие друштва, дотолку повеќе што се приближува и крајниот рок во кој овие трговски друштва ќе треба да се пререгистрираат, односно тоа веќе и заврши, потребно е да се усогласат со важечките позитивни прописи, а предложениот закон е основ за тоа.

Како што ви е познато во изминатиот период лицата со пречки во развојот, кој работеа надвор од претпријатијата за вработување на инвалиди, не остваруваа посебни права од работен однос, со што беа во нееднаква положба со лицата со пречки во развојот кој работеа во овие претпријатија, што е спротивно на член 36 став 3 од Уставот на Република Македонија.

Со овој закон се прави напор да се изедначат правата на лицата со пречки во психичкиот или физичкиот развој, независно каде се вработени. При ова, во рамките на програмата Консензус е користена техничка помош од ЕУ, а се користени и искуствата од земји од Југоисточна Европа кој се во транзиција (Чешка, Полска и Словенија).

Законот чие донесување се предлага се заснова врз начелата на обезбедување на подеднакви и посебни услови за основање на друштво кое вработува инвалиди и услови за вработување и работење како и взаемност и солидарност.

Уставен основ за донесување на законот е член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, според кој Собранието на Република Македонија донесува закони и член 35 став 3 од Уставот на Република Македонија, според кој Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Во досегашниот период оспособувањето и вработувањето на инвалидните лица, организирањето на претпријатијата, нивниот статус и положба е уредено со повеќе прописи и тоа со: Законот за претпријатијата, Законот за вработување, Законот за пензиско - инвалидско осигурување, Законот за здравствена заштита, Законот за социјална заштита, како и во законски прописи од областа на финансиите.

Сознанијата за присутните состојби и проблеми со кои се среќаваат сегашните претпријатија за вработување на инвалиди во однос на работењето, оспособувањето и вработувањето на инвалидни лица, укажуваат на досега недоволно изградениот систем на создавање на законски услови за вработување на инвалидни лица.

Според постојните прописи во Република Македонија стопанисуваат околу 100 претпријатија за вработување на инвалиди во кои се вработени околу 5 илјади работника, од кои 2400 се инвалидни лица. Во изминатиот период по разни основи престанале со работа 24 претпријатија. Основна карактеристика е што во стечај одат претпријатија кои вработуваат инвалидни лица со највисок степен на инвалидност, при што има само поединечни случаи на повторно вработување на инвалидни лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај или технолошки вишок.

Со донесувањето на овој закон се има за цел по целосно и единствено да се уреди статусот на трговските друштва за вработување на инвалидни лица, јасно дефинирање на концептот, определување на видот и степенот на инвалидноста на лицата, регулирање на прашањата што се однесуваат на ослободувањата од даноци, придонеси и други давачки, како и други прашања што произлегуваат од местото и улогата на овие друштва во обезбедувањето на посебна заштита на инвалидните лица и нивно вклучување во општествениот живот.

Исто така со овој закон треба да се оствари уште една цел односно лицата со ист вид и степен на инвалидност вработени вон заштитните друштва односно кај друг работодавач и само вработени да имаат приближно еднаков статус со инвалидните лица вработени во заштитните друштва, така што за сите се предвидува ист обем на ослободување од даноци и придонеси по основ на плата и се предвидува право на адаптација на работното место, доколку е тоа потребно.

Содржината на законот ја имате и јас не би сакал да се задржувам на неа, а би завршил со тоа дека предложениот Закон за вработување на инвалиди во Република Македонија се создаваат реално законски и материјални финансиски претпоставки за зголемено вработување на инвалидни лица и нивна поголема материјална и социјална сигурност, пред се со вклучување во процесот на трудот и во општествениот живот. Ова, дотолку повеќе што се работи за наши граѓани кои по природата на нештата имаат повеќе отколку останатите потреба од поголема заштита и грижа за нив.

Врз основа на изнесеното, а имајќи ги во предвид одредбите од Законот за трговски друштва, предлагам Собранието да го прифати Предлогот за донесување на Закон за вработување на инвалиди и истиот да го усвои во две фази.

**ИЛЈАЗ ХАЉИМИ:**

Му благодарам на потпретседателот на Владата и министер за труд и социјална политика Бедредин Ибраими.

За збор се јави г-динот пратеник Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, најнапред сакам да го изразам своето задоволство што конечно на дневен ред на една од седниците на Собранието на РМ се најде еден ваков закон. Сметам дека апсолутно има оправдани причини за донесување на ваков закон, особено ако се земе во предвид околноста дека досега ваквата материја, која што ги регулира прашањата на инвалидните лица, почнувајќи од 1990 година, од донесување на Уставот па до ден денес не беше уредена со еден законски акт. Напротив истата беше уредувана со повеќе законски и подзаконски акти кое што доведуваше до некое шаренило и доаѓаше до тешка примена при вработувањето на овие лица.

Значи, потребата за донесување на овој закон е апсолутно издржана. Исто така на тоа не обврзува и одредбата од член 721 став 3 од Законот за трговски друштва, каде што се наведува дека треба да се донесе еден ваков закон за да престанат примените на одредбите од Законот за претпријатија.

Со оглед дека претставникот на Владата даде добро објаснување сакам да кажам дека според мене значајно е што со овој закон се обезбедува една посебна заштита на инвалидните лица и нивно вклучување во општествениот живот, што секако е за поздрав од страна на предлагачот, бидејќи ако гиземеме во предвид околностите со досегашната регулатива

во какви проблеми се најдоа инвалидните лица, вклучувајќи ги економските токови и движења што се случуваат во рамките на транзициониот период од 1990 година наваму, овие лица ја делеа судбината исто како и сите други вработени. Поточно таквите лица како последица на економските тешкотии паѓаа во стечај, во ликвидација така да постепено и се почесто се наоѓаа пред вратите на заводите за вработување без можност да конкурираат за вработување правно, со оглед на фактот дека се тоа инвалидни лица.

Содржината на законот овозможува токму оваа категорија на граѓани користејќи ги повластиците што ги нуди овој закон да имаат можност да го најдат своето место во општествениот живот, да се вклучат во неговите токови.

За поздравување е и целта на Законот што конечно оваа категорија на инвалидни лица се изедначува по своите права кои ги дава овој закон, независно дали тие ќе ги остваруваат во посебни претпријатија, или како што се овде наречени заштитни друштва, или тоа ќе го остваруваат во други претпријатија односно кај друг работодавач.

Инаку, по однос на содржината би сакал да истакнам дека е особено за поздравување фактот што за стимулирање на вработувањето на инвалидните лица законот дава една широка лепеза, без разлика дали се тоа лица кои што самостојно вршат професија или дејност, или самостојно работат кај друг работодавач, или пак се вработени во заштитните друштва, овој закон нуди посебни услови за вработување преку создавање услови за работа и адаптација на работното место каде што тие надоместоци за адаптацијата паѓаат на товар на специјално одреден фонд утврден со законот.

Потоа за поздравување е фактот што овој закон нуди ослободување од придонеси и други фискални давачки на работодавците, особено кај ослободувањето од придонеси и разни други околности, можноста за финансиска помош која ја дава законот преку Фондот за обезбедување на услови за вработување, како и можноста од разни кредити за овозможување на работниот процес на овие инвалидни лица.

Содржината ваква каква што е предложена во предлогот за донесување на закон јас апсолутно ја подржувам и сметам дека е доста добар и текстуално и од самите причини од кој што се предлага. Од овие причини сметам дека овој закон треба да го подржиме и јас ќе гласам за овој закон. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Жарко Караџоски.

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за вработување на инвалиди.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеника од кои 63 за, воздржани нема и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точка 10 - Предлог за именување заменик ...

Збор побара г-динот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван г-дине потпретседател, почитувани пратеници.

Мислам дека Собранието не работи со доволен број пратеници, поради што барам поддршка од десет пратеници за да се избројат пратениците.

Сметам дека има само 43 пратеника во салата.

Мислам или да ја прекинеме седницата, или сите пратеници да влезат во салата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас не ги преброив колку пратеници се во салата, но на мониторот видов дека 64 се присутни.

Јас се согласувам точно да ги преброиме присутните пратеници.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дине потпретседателе, не сакам да навлегувам во дуел, пред малку со 59 гласа донесовте закон и ништо не е во ред и сега не е во ред.

Еве повелете избројте нека прозиваат па ќе видите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јасно може ова да се констатира.

За збор се јави г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Кворум нема. За да се уверите во тоа дека нема кворум можете да ги изброите присутните пратеници во салата.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници за да го констатирам точниот број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Присутни се 53 пратеника.

За жал нема кворум да продолжиме со работа.

Ја прекинувам денешната седница поради немање кворум, а продолжението на седницата ќе биде закажано дополнително.

(Седницата прекина со работа во 16,25 часот).